РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 23-375/13
24.01. 2020 год.
ВЕЛЕС

375

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 61 став 5 и член 69 став 1 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15, 39/16, 99/18), и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" број 147/08, 45/11), Општина Велес го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за изработка на Нацрт-Извештај за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за изработка на ДУП за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 10 УБ 52 КО Велес Општина Велес.

Податоци и информации:

1. **Назив на органот**: Општина Велес
   **Адреса**: ул. "Панко Брашнар" бр.1 Велес
2. **Назив на планскиот документ**: Детален Урбанистички План за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 10 УБ 52 КО Велес Општина Велес.
   Краток опис на документот: Од страна на Општина Велес започната е постапка за издавање на услови за планирање на просторот за изработка на Детален Урбанистички План со површина од 17,4 хектари, а во предметниот ДУП е опфатена и ГП 1.26 со површина од 842м$^2$ на која е предвидена бензиска пумпна станица. Основна намена на просторот опфатен со ДУП е Д-зеленило и рекреација односно 57% од површината на планскиот опфат. Речното корито на река Вардар опфаќа 9%, железничката пруга со заштитен зелен појас опфаќа 11%, а останатата површина припаѓа на намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, Е1 –комунална инфраструктура и Е2-комунална супраструктура.
   Планскиот опфат преставува делумно изградено земјиште со изведена водоводна и канализациона мрежа. Во планскиот опфат постоечките објекти се снабдуваат со електрична енергија од постоечките трафостанци.
   Со донесување на ДУП ќе се обезбеди повисока организиација на просторот и со негово имплементирање не се очекуваат влијанија врз животната средина. Во делот предвиден за бензиска станица се предвидени контролирани емисии во медиумите во животната средина, а ќе придонесе за стопански развој на општината.
3. **Назив и број на документ**: Известување за спроведување на стратегиска оцена со бр. УП1-15-1769/2019 од 19.12.2019г. од Министерство за животна средина и просторно планирање.
4. **Засегнати органи**: Министерство за животна средина и просторно планирање, Градоначалник на Општина Велес и Министерство за транспорт и врски.
5. **Редослед на активностите во постапката за донесување на планскиот документ**: Изработката на измена и дополна на ДУП за дел од УЕ 3, дел од УБ 24 и дел од УЕ 10, дел од УБ 52 во Велес се базира врз Генералниот урбанистички план на Велес, ГУП Велес, а се одвива врз основа на програмските елементи дадени во ГУП, околни (соседни) ДУП-ови, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот.
6. **Засегната јавност:**
   Граѓани на Општина Велес.

7. **Начин на вклучување на засегнатата јавност**: Сите информации во врска со Нацрт-Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за Детален Урбанистички План за дел од УЕ 3, УБ 24 и дел од УЕ 10 УБ 52 КО Велес Општина Велес е достапна на **www.veles.gov.mk**.
   Граѓаните на посебен формулар може да ги дадат своите забелешки во однос на Извештајот; во рок од 30 дена од денот на објавување.
   Јавната расправа ќе се одржи на 11.02.2020г.(вторник) во просториите на Општина Велес, со почеток во 12 часот.
8. **Дополнителни информации поврзани со изработката на документот:**
   Влијанијата врз животната средина се очекуваат на ГП 1.16 во фаза на работење на објект бензиска пумпна станица кои ќе се решат со засебни документи за влијание врз животната средина - студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина или елаборат за заштита на животната средина. Како можни влијанија врз животната средина се од несоодветно управување со отпадот и суровините-гориво врз почвата а преку неа и врз подземните води. Од друга страна бензиската пумпна станица ќе придонесе кон развој на индустрија од причини што транпортот е битен фактор за развој на производните дејности во смисла на обезбедување на повисока организација и интеграција на индустриските зони и комплекси, а бензиската станица како функција директно влијае врз квалитетот на транспортот и преку услугите кои му ги обезбедува.
   Реализацијата на планскиот опфат ќе придонесе кон инфраструктурната опременост и уреденост на просторот, а спортско рекреативниот центар претставен со спортска сала, отворени базени и отворени спортски терени кој е дел од планскиот опфат, претставуваат спортско рекреативна зона за задоволување на потребите за спорт и рекреација на граѓаните на Велес. Исто така оформувањето на зелените површини долж реките е погодно за вкупното влијание врз режимот и квалитетот на водите.
   Целта на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процес на подготвување и донесување на плански документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

Општина Велес
Одделение за заштита
на животната средина

Раководител

Билјана Шуркова-Манаскова